Љубен ЛАПЕ

# ИЗБОРНИТЕ БОРБИ ВО МАКЕДОНИЈА ДО „ОБЗНАНАТА“ СО СПЕЦИЈАЛЕН ОСВРТ НА УЧЕСТВОТО НА КПЈ ЗА МАКЕДОНИЈА

На двапати беа распишувани избори во Македонија до објавувањето на „Обзнаната“: еднаш за општински управи на 22 август 1920 година и друг пат три месеци подоцна за уставотворно собрание. Токму месец дена по спроведувањето на изборите за устовотворно собрание и уште пред да се донесе устав на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците била прогласена „Обзнаната“ со која биле затворени сите комунистички домови, забранети сите комунистички организации и културно-просветни друштва, прекинато излегувањето на сите комунистички весници и списанија.

Во нашиов напис ќе се обидеме да го прикажеме тој кус период од нашата историја без никакви претензии дека сме го исцрпиле сиот матсријал што може да се најде било во тогашниот печат, било во архивите.

За да може да се разбере остринната на борбите што се воделе на овие избори, за да можат да се согледаат намерите на партиите што учествувале на нив, најодзади за да можат да се објаснат резултатите постигнати на тие избори и последиците што по нив настапиле, се налага да се фрли еден поширок поглед врз општествено-политичките и економските прилики и услови што постоеле во тогашна Македонија.

Како што е познато 1912 година била ликвидирана турската власт во Македонија, нејзините територии поделени помеѓу трите балкански монархии и во секој дел од нив заведен буржоаски систем на управа со сите негови карактеристични особини на експлоатација, денационализација и дискриминација спрема македонскиот народ. Во нашево понатамошно излагање ќе се ограничиме само на приликите во териториите што денес ја сочинуваат СР Македонија, каде што се водеа овие изборни борби.

Прв крупен факт што доминирал над сите во ова време бил фактот на страшната разурнатост што ја оставиле по себе си трите војни: Првата балканска, Втората балканска и Првата светска империјалистичка војна. Ни една територија во Европа за еден така кус период од шест години, т.е. од октомври 1912 до октомври 1918 не ја газеле толку многу и толку разнородни странски војски колку Македонија: низ неа врвеле турските војски 1912 год. при своето отстапување и сојузените балкански војски при нивното настапување истата година. Низ нејзините источни територии во Брегалничката област се разиграла страшната братоубиствена војна помеѓу Србија и Црна Гора, од една, и Бугарија, од друга страна, 1913 година. Преку Македонија се движеле сите војнички трупи на неколку пати што оделе кон Албанија. Преку неа се повлекувала српската војска 1915 год., а настапувала бугарската војска што се задржала на македонските територии сѐ до пробивот на македонскиот Солунски фронт. Катастрофата на Бугарија 1918 год. и настапување на сојузничките војски по пробивот на Солунскиот фронт пак се извршил преку териториите на Македонија. Во текот на сите овие војни биле наполно или делумно срамнети со земјата неколку градови во Македонија: Дојран, наполно, Струмица, Гевгелија и Битола делумно, а голем број села, покрај фронтот во Македонија, уништени или преселени.

Сточарството, една од најглавните гранки на македонското стопанство било страшно уназадено, бидејќи безразборно се колел добитокот за исхрана на огромните контингенти на гореспоменатите стационирани армии од едната и од другата страна на фронтот што врвел низ средината на Македонија. Исто така многу бил пљачкан добитокот од страна на војските. Особено во ова ограбување се одликувала грчката Пелопонеска дивизија, која со комиони ограбувала добиток и го пренесувала во Грција.[1])

Не помалку настрадало и земјоделството. Не само што голем број од машкото население било мобилизирано во војната (околу 60.000 само во Првата светска војна имало мобилизирани Македонци во српската армија), туку во време на бугарската окупација од крајот на 1915—1918 г. цели краеви биле интернирани во Бугарија, поради што намалила работната рака во земјоделството. Од друга страна, многу од површините на работната земја не можеле да се користат, зошто голем дел од нив биле превртени во бојни полиња, ровови, логори и др. кадешто не можел да се приближи селанецот земјоделец.

Замрело и занаетчиството, а ѝ се сопреле сите патишта и на трговијата. Како последица на сето ова настапиле неродни години и глад, болести, епидемија на чумата не само по луѓето туку и голем помор во добитокот.

---

[1]) Македонија, В. „Социјалистичка зора" бр. 130 од 10. 12. 1920, стр. 1—2.

Кога се отпочнувала Балканската војна, а особено кога се воделе борбите во Првата светска војна, буржоаските влади на балканските држави изјавувале во своите прокламации дека се борат за ослободувањето на народите од туѓинско ропство, дека по војните ќе им се разделат на селаните оние земји што дотогаш ги работеле како чифчии на беговските чифлици, дека ќе се отстранеле сите неправди што го кочеле во неговиот правилен развиток македонскиот селанец и граѓанин под турска власт. Со други зборови речено, се ветувало национално ослободување и правилно разрешување на аграрното прашање. Меѓутоа наеднаш по Првата светска војна и склучениот мир во Версај Вардарска Македонија била прогласена за составен дел на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, на македонскиот народ му било одречено правото на неговото национално име и јазик, во училиштата и администрацијата бил воведен српскиот јазик, а за чиновници не само на раководните служби туку и во пониските работни места почнале да се поставуваат не Македонци. При поставувањето на овие чиновници не се водело многу сметка за нивните стручни, а најмалку за нивните морални квалификации. За претседатели на општините и нивни деловодители биле назначувани луѓе верни исполнители на повисоките органи. Тогашниот весник „Радничке новине“ со иронија пишувал дека Македонија и Стара Србија по своето ослободување и обединување добивале она што порано не можеле ни да го замислат — цела една војска од детективи, шпиони, доушници и провокатори, верни агенти на капиталистичката класа. Сè до 15 август 1919 год. во Македонија била во важност специјална уредба според која во Македонија била забранета секаква политичка активност, особено во помалите места. Оваа специјална уредба во окупирана Македонија овозможувала најбрутално и јавно газење на секакви човечки права, неодговорно малтретирање и ограбување на народот. Особено се влошила уште повеќе положбата со појавата на качачките банди во граничните области на Македонија спрема Албанија и со појавата на комитските врховистички банди уфрлувани од Бугарија во источните краеви на Македонија. Поради сето ова се вршеле чести претреси, разоружувања, заплашувања, апсења, претепувања и други видови малтретирања над и без тоа намаченото од војните македонско селско и градско население. Не било реткост македонското население да биде терано на кулук да поправа патишта, жандармериски станици и караули по границите. Локалните полициски власти на теренот, веројатно со знаење и одобрување на буржоаските влади, организирале таканаречени „летеќи одреди“ составени од бившите српски четници што се движеле по селата, вршејќи недозволен терор над селаните. Најмногу ваков терор царувал во Штипско, потоа во Тиквешко и Велешко каде што се движел Јован Бабунски со чета од околу 70 души, вршејќи без никаков суд претепувања и одведувања во планина на селани од

тиквешките села Бегниште, Ресава, Грбавец, Чемерско, Мрзенореовец, Фариш и од други велешки села.

Како последица на војната, гладот и немаштијата се појавила скапотија, шпекулација, и безмилосна експлоатација. Се засилила и безработицата. Според весникот „Радничке новине“ монополската управа во Прилеп ја продавала преку свои агенти газијата по 10 динари литар, солта по 5 динари килограм, шпиритусот по 30 динари литар, а една надница во тој ист монопол била 4 динари.[2]). Истиов монопол планирал да им го откупува тутунот на производителите по 2—10 динари, а да го продава по 40—140 динари. Во Скопје во ова исто време не можеле да влезат на работа околу 500 монополски работници, бидејќи магазините и работилниците биле урнати од војната, а зад овие 500 чекале на работа уште 1.000 други.

Ни во земјоделството не биле повисоки надниците. Пак според „Радничке новине“, за прашење на афион се плаќало по 2 динари на ден во Куманово, а за 16-часовна работа во собирањето на афионот се плаќало по 3 динари. Цените на животните продукти постојано скакале нагоре, а надниците си останувале на истото ниво. Така шеќерот се качил на 36 динари кгр, маста на 15, а лебот на 3 динари.

Во ваквата ситуација не можел да стои рамнодушен македонскиот работник и селанец на чиишто плешки најмногу се струпало сето ова. Се јавило незадоволство, вриење, протести и работнички штрајкови. Токму во ова време го дигнала високо гласот на протест и заштита против сите овие неправди на буржоазијата и власта единствената организирана сила на работниците—Комунистичката партија на Југославија која во април 1919 год. го одржала својот прв конгрес во Белград. Токму во ова време почнало да се врши подновувањето, односно формирањето на организациите на КПЈ за Македонија во скоро сите градови на Вардарска Македонија и канализирањето на неповрзаните протести и незадоволство во еден осмислен правец. Заживувањето на работата на КП станало најнапред во Скопје, на 9 февруари 1919 год. па во Велес на 24 април, во Битола и Кавадарци околу средината на истата година, во Штип, Тетово и Куманово во месец септември и во Гевгелија и Прилеп во месец октомври истата година. Во јануари 1920 год. се извршило организационото поврзување на сите овие месни комунистички организации и се одбрало првото Обласно раководство за Македонија и Стара Србија. На својата прва Обласна конференција од 7 и 8 јануари 1920 година во Скопје, Обласното раководство констатирало во својата резолуција: 1. дека економските услови во врска со верските, расните, националните и географските, создале во Македонија прекумерно не-

---

[2]) Иван Катарџиев, Прилог кон проучувањето на работничкото движење во Македонија во 1919 година, Гласник на Институтот за национална историја, I/2, Скопје, стр. 40.

сносна состојба која, засилена со националистичката и ограбувачката политика на владеачката класа, создала кај широките работнички и селски маси потполно незадоволство против општествениот и државниот поредок; 2. дека новосоздадените буржоаски партии во Македонија ползувајќи ја ваквата состојба и настроеност за своите чисто класни цели, поставувајќи ја над сè погоре националистичката и шовинистичката настроеност и акции, што само ги залажувала и заглупувала масите на работниот народ; 3. дека владеачката класа, чувствувајќи ја револуционерната настроеност на масите и нивните симпатии кон социјалистичкото движење, оневозможувајќи ѝ на Партијата секаква политичка акција, лишавајќи ги граѓаните од нивните права, и го зацврстувала кај масите сè повеќе убедувањето дека во овие области постои уставност и лажна законитост.

Ете во вакви општествено-економски и политички услови биле распишани првите општински избори во Вардарскиот дел на Македонија за 22 август 1920 година. Сите дотогашни општински управи биле со декрети поставени и без никакво учество на народната волја.

Сфаќајќи го значењето на овие први општински избори во Македонија Обласното раководство на КПЈ за Македонија им ги поставило следниве задачи на месните комунистички организации:

1. На општинските избори да учествуваат самостојно, без да прават никакви коалиции со буржоаските партии;

2. Градските организации да формираат селски партиски организации, да ги прошируваат и зајакнуваат партиските врски со селските маси, врз основа на програмата на Партијата и конкретните барања на селаните, да се разобличуваат буржоаските партии пред селските маси во врска со претстојните избори;

3. Секоја организација да формира во своето место синдикална организација и да ја зајакнува;

4. Да се засили масовната политичка работа преку организирање на собранија, митинзи, конференции и друго;

5. Да ѝ обрнат особено внимание на работата сред муслиманските работници и селани како би се извршила диференцијација меѓу нив и како би се оттргнале од агите и беговите;

6. Со цел за поправилно воспитување на широките работни маси во духот на принципите и програмата на КП и за мобилизирање на масите во претстојните општински избори било решено да се поднови издавањето на весникот „Социјалистичка зора" како орган на Обласното партиско раководство за Македонија и Стара Србија и тоа покрај на српски уште и на турски јазик.[3])

Појавата на сцената на Комунистичката партија во Вардарска Македонија, особено појавата на нејзиниот орган „Социјалис-

[3]) В. „Социјалистичка зора", (Скопје), година I, бр. 1. од 1. II. 1920, стр. 9.

тичка зора“ на 1 февруари 1920 год. означувало крупен настан во повоениот период. КПЈ за Македонија станала вистински заштитник на интересите на работничката класа и другите работни маси во Македонија, најсмел агитатор во правилното поставување и решавање на аграрното прашање, најбезмислен жигосувач и осудувач на сите неправди и злоупотреби во државниот апарат и со него поврзани капиталисти и бегови.

Меѓутоа, покрај Комунистичката партија се формирале и буржоаски партии во Вардарска Македонија, радикалната, демократската и др. За да ги залажат масите пред изборите, за да ја затапат острината на многуте барања за земја на чифчиите новоформираните буржоаски партии во Македонија, особено демократската и радикалната што тогаш биле на власт, донеле „Претходни одредби“ божем за подготвување за решавање на аграрното прашање и преку нивното формирано аграрно повереноство во Скопје место да им дели на сиромашните чифчии земји, ова ги присвоило од општините слободните пасишта и чаири и почнало да им ги дели на бившите четници, давајќи му на секој четник по 10 хектари земја. Секако за ова настојувал првиот секретар на аграрното повереноство во Скопје, познатиот велешки војвода и подоцнешен народен пратеник во Прилеп, Василија Трбиќ[4]) Тогаш низ страниците на весникот „Социјалистичка зора“ и на сите изборни конференции и митинзи, Комунистичката партија го кренала високо гласот на протест против ваквото изигрување уште на првите чекори на проектираната аграрна реформа, привлекувајќи ги уште повеќе онеправданите маси. Располагајќи со целокупниот државен апарат во свои раце, буржоаските партии стапиле во остра борба со приврзаниците на Комунистичката партија наречувајќи ги бугарски агенти, потоа повикувајќи ги на двомесечни и тримесечни војнички вежби токму најактивните комунисти на теренот, ги заплашувала останатите со казни, ќотеци, затвори, преместувања, отпуштања од служби на некои од службениците и слични други шиканирања. Така, на пример, од Куманово биле истерани секретарот на Месната партиска организација, претседателот на Синдикатот на шивачките работници и уште 60 други комунисти на воена вежба. Сите тие биле испратени на тримесечна воена вежба на албанска граница каде што до тогаш имало немири, сè со цел да бидат отстранети од теренот и да биде оневозможена нивната агитација на изборите. Исто така од Неготино биле повикани на воена вежба 37 души, од Штип околу 80 души и од други места. Злоупотребувајќи го целокупниот државен апарат: особено окружните и околиските началници, трговските, просветните и финансиските инспектори, потоа претседателите на сите судови и нивниот авторитет, Радикалната и Демократската партија во Македонија се напнале со сите сили и средства

---

4) Архив на Институтот за национална историја во Скопје, Мемоари Василија Трбиќа (ракопис).

да ги одделат масите од Комунистичката партија и да ја претстават неа како туѓинска агентура. Иако тогашните закони забранувале да се ангажираат, судиите во изборна агитација, пак сите судии во Скопје, почнувајќи од околискиот па до Апелациониот и Касациониот суд агитирале за Радикалната партија. Покрај клеветењето на КПЈ се употребувале и други средства во агитацијата. На пр., демократите во Куманово ги запишале без никакви согласност и прашање редум сите кумановци за членови на Демократската партија и почнале да им делат членски карти, барајќи од секој запишан по 10 динари за картата[5]). Некој си Јован Марковиќ, од Скопје објавил преку весникот „Стара Србија“ дека за изборите ќе им разделел нови блузи и палта ако гласале за неговата партија. Друг еден се послужил со уште пооригинално средство во агитацијата: донесол едно буре ракија во едно село и секој селанец бил канет и почестуван за да се запише во Радикалната партија. Селаните откако му ја испиле ракијата го оставиле агитаторот со празно буре и со празен список. Чест бил случајот да се внесувале во изборните списоци по три пати под разни имиња сè едни и исти луѓе, а се бришеле од нив познати комунисти. Само со Скопје биле избришани преку 300 луѓе од списоците. Во истово Скопје радикалите направиле изборна спогодба со турските бегови, раководени од Неџиб Драга, Емин бег и Шабан паша. Далеку би нè однело набројувањето на ваквите и слични на овие демагошки, рушветчиски и насилнички средства во изборните борби што ги применувале буржоаските партии, за првпат во општинските избори, а што понатаму ќе ги прошират и усовршат до ненадминати граници. Наспроти нив, Комунистичката партија на Македонија не располагала ни со пари, ни со таков апарат, ниту пак со таква власт. Единствено нејзино средство бил зборот, убедувањето, смелоста да се изнесат на показ моралната расипаност на буржоаските партии, на експлоататорскиот капиталистички систем и управа.. Иако тогаш КП на Југославија, па според тоа и партиската организација во Македонија немала правилен став по националното прашање, сепак низ страниците на весникот „Социјалистичка зора“ и низ говорите на комунистичките агитатори на општинските избори често пати се наложувал зборот Македонец, македонски народ, а секретарот на комунистичката организација во Битола, Ратко Жуњиќ го научил македонскиот јазик и во изборните борби се служел со него како со можно средство за приближување програмските начела на КП до масите и актуелните пароли против војната, а за мир меѓу народите, за решавање на аграрното прашање и др. КПЈ за Македонија била свесна дека уште во првите свои чекори не може да ги освои општинските управи. Но таа се

---

[5]) Изборна корупција. В. „Социјалистичка зора“, том I, кн. 1, Скопје 1949, 367—368.

решила активно да учествува во изборните борби, раководејќи се од тоа дека пролетаријатот не смее да дезертира од ниедно место каде што може да се судри со буржоазијата и преку тоа да ја развие својата револуционерна енергија за дефинитивната победа. КП секогаш оваа борба ја подредувала на повисоката цел: т.е. на уривањето на буржоаскиот апарат и создавањето на пролетерска државна власт. Испраќањето на што поголем број претставници во општинските управи или нивното целосно преземање не значело за Комунистичката партија уште дека ќе се излекуваат класните спротивности и последиците од режимот на приватната сопственост во соодветните општини. Затоа и во една своја директива по повод општинските избори КП им објаснувала на своите бирачи дека Партијата влегува во изборната борба и во самите избори со цел што повеќе да ја популаризира својата програма, а во општинските избори поконкретно да го реализира комуналниот дел од таа програма.

На првите општински избори во Македонија, одржани на 22 август 1920 год. Комунистичката партија ги освоила општинските управи само во 4 града: во Куманово (Коста Дајловиќ), во Велес (Петар Алчевиќ), во Кавадарци (Ристо Михов) и на дополнителните избори во Скопје на 24 октомври истата година (Коста Стефановиќ), како и во неколку селски општини. Имајќи ги предвид веќе спомнатите предности на буржоаските партии, полицискиот и другиот апарат, потоа вршениот терор, поткупувањето, фалсификувањето и др., резултатот што го постигнала КПЈ за Македонија тукуречи со голи раце на општинските избори може да се смета како доста значителен. Овој успех ѝ дал уште поголем замав на Партијата за да се фрли со уште поголем елан во новите избори за Уставотворното собрание распишани за 28 ноември истата година. Извлекувајќи поуки од општинските избори и располагајќи веќе со управите на 4 општиин, Комунистичката партија ја засилила уште повеќе својата активност против преплашените, но истовремено решени на секакви средства буржоаски партии. Уште со наближувањето на изборите за уставотворно собрание разни политички кариеристи и штребери што никогаш не ги видел македонскиот народ почнале да доаѓаат во Македонија со намера да ја ловат неговата доверба за да ги кандидира за народни пратеници. Тоа биле обично пропаднати кандидати на буржоаските партии од Србија или уште активни во таканаречениот „привремен парламент“. Тоа биле адвокати, бивши министри, учени и недоучени полициски писари и севозможни политички пеливани. Меѓу нив се наоѓале и некои синови на некогашни македонски печалбари што полагале некое наследно право на таквите места и што верно му служеле на државниот апарат.[6]) Двете најголеми партии на великосрпската хегемонис-

---

[6]) В. „Социјалистичка зора“, од 1. 10. 1920 год.

тичка буржоазија — Радикалната и Демократската — стремејќи се да ја осигурат власта за себе, независно од тоа што меѓу нив немало никакви принципиелни разлики по однос на националното потиснување, асимилација и експлоатација на македонскиот народ, кокетирале со разни националистички и сепаратистички елементи во Македонија, распалувајќи ги нивните националистички и верски чувства. Така, на пр., Демократската партија се потпирала на остатоците од старите егзархистички и врховистички елементи во Македонија и со посредништвото на Мита Димитриевиќ некои демократи повеле тајни преговори со македонскиот врховист Тодор Александров во Софија. Во време на изборните агитации тие дури некаде истапувале со провокаторски пароли за автономна Македонија, сè со цел да ги оттргнат масите од КП. Сè со истата цел буржоаските великосрпски партии преку врховистичките чети и „државните комити" преземале севозможни мерки за да предизвикаат меѓусебно раскарување сред македонскиот народ за полесно да можат да го експлоатираат.

Радикалната странка пак, тесно се потпирала на верско-политичката муслиманска организација „Џемиет", надевајќи се дека оваа ќе им ги донесе, од една страна, сите муслимански маси, а од друга страна, трудејќи се да го попречи класното диференцирање кај овие маси. Теророт пак што државниот апарат на буржоазијата, зад кој се криеле двете буржоаски партии, го употребила во овие избори за Уставотворно собрание против членовите на КП и над работните маси воопшто, а над селаните посебно, го надминал и оној што бил употребен на општинските избори. Така, на пример, во цело Гостиварско и Дебарско се вршеле непрекинати претреси и затворања на тамошните селани. Во велешките села власта ги заплашувала селаните што клонеле кон комунистите дека ќе им ги прати четниците за да ги наплескаат и фрлат во Вардар. Доста комунистички зборови биле растурани, комунистичките изборни плакати конфискувани, агитаторите апсени. Како што погоре споменавме биле организирани четнички групи што го тероризирале населението пред самите избори во Скопско, Штипско и Тиквешко, обвинувајќи ги комунистичките агитатори по селата дека го готват народот на буна. Во Кавадарци бил уапсен комунистичкиот претседател на општината, а во Битола комунистичкиот пратеник што агитирал на турски јазик пред тамошното муслиманско население бил исто така уапсен.[7]) Спроти самите избори, а и на самиот ден на изборите на 28 ноември биле наместени на повисоките места над градовите Скопје и Велес топови свртени кон самите градови, божем ќе станувала револуција во нив и сл. и сл.

Комунистичките агитатори смело ги совладувале овие големи пречки и на своите зборови без страв ја подложувале на остра

---

[7]) В. Социјалистичка зора", од 27. 10. 1920 и од 7. 11. 1920 година.

критика целокупната политика на буржоаските партии и државен апарат набројувајќи ги милионските афери на лиферантите, незаконито богатење на разни шпекуланти по војната, нерешавањето на аграрното прашање, незаконитиот терор и апсења на полицијата и др.

До која мера бил навистина јак теророт говори и фактот дека само 55% од запишаните бирачи излегле на гласање, а од одбраните вкупно 33 души кандидати, околу 16 биле однадвор, 11 Македонци и 6 Муслимани. И покрај невиденоит дотогаш терор и севозможни фалсификати, Комунистичката партија излегла како најсилна партија во Македонија и добила 38% од вкупниот број на гласови испраќајќи 15 комунистички пратеници од вкупно 59 колку што имало одбрани во целата држава на овие избори. То биле Милорад Пантиќ и Иван Давчев за Тиквешко, Петре Георгиев, Ферид Бајрам и Коста Новаковиќ за Скопје, Танасие Илиќ, Ратко Жуњиќ и Милан Ѓорѓевиќ за Битолско, Милутин Анастасиевиќ, Ѓорги Ступарев за Охридско, Душан Цекиќ за Штип, Божин Ангелов за Куманово, Драгутин Тасиќ за Тетово, Милан Станојков од Куманово и Етхем Булбуловиќ. Овој голем успех на КПЈ за Македонија на изборите се должел пред сè на огромните напори на комунистите кои се застапувале за вистинските интереси од градовите на работните маси и селата и што ги земале смело во заштита сите онеправдани, поттурнати и измачени пролетерски и ситносопственички маси во Вардарска Македонија. Доаѓајќи во Уставотворното собрание во Белград комунистичките пратеници од Македнија ја исползувале заедно со комунистичките пратеници од другите краеви на Југославија парламентарната трибина за уште поостра критика на безаконијата и теророт на полицискиот апарат и четниците во изборите, за неодлучноста на буржоазијата да го реши аграрното прашање и сл. Ваквиот смел настап на комунистите во изборите и во Парламентот бил проследен со ново засилување на партиското влијание сред масите, со формирање на нови комунистички клубови и синдикални организации, со поорганизирани штрајкачки акции и протести што од темел ја занишале буржоаската власт. За да не ја испушти буржоазијата власта од свои раце пристапила кон уште еден крупен насилнички акт над народните права и народната волја. Токму кога Уставотворното собрание било на краток одмор за божиќните празници, тајно и подмолно на 29 декември 1920 година, само еден месец по извршените избори, министерот за внатрешни работи Милорад Драшковиќ ја објавил фамозната „Обзнана“ со која се наредувало затворање на сите комунистички домови, забранување на сите комунистички листови и списанија, укинување на сите комунистички организации, почнувајќи од културно-просветните и синдикалните до партиските. Силните протести и интерпелации во Уставотворното собрание на комунистичките пратеници против донесената „Обзнана“ биле отфрлени. Комунистите ја обвинувале владата дека со оваа

„Обзнана“ таа ја стави нашата земја во редот не само на нај-реакционерните земји, туку и го зазела првото место.

Брзо по „Обзнаната“ дошол и „Законот за заштита на државата“ со кои биле сите комунистички пратеници затворени. Со тоа се завршил еден период кога Комунистичката партија на Југославија, благодарејќи на уште незацврстените позиции на југословенската буржоазија можела уште легално да се бори против неа по пат на избори, штрајкови и др. манифестации. Секако изборите во овие борби заземаат видно место и, како што имавме можност да прикажеме нешто малку за нив, тие ѝ донеле на КП и видна победа.

Изборните борби на Партиската организација за Македонија за општински управи и за уставотворното собрание во 1920 година, водени во услови на уште незајакнатата власт на буржоазијата во Југославија длабоко се засекле во свеста на нивните современици како најкрупен јавен општествено-политички настан во Македонија, бидејќи во нив за првпат македонските народни маси биле раздвижени и мобилизирани легално против своите национални поробувачи и класни потисници. Во таа смисла тие претставуваат и светли страници од историјата на Комунистичката партија на Македонија и позитивен придонес кон революционерното минато на нашиот народ.

Ljuben LAPE

## THE PROMINENT FIGHTS IN MACEDONIA UP TO THE „PROCLAMATION” (OBZNANA) CONCERNING THE PARTICIPATION OF THE CPY FOR MACEDONIA

### Summary

On the base of archive's documentation and literature the author has described the first municipal and parlamentary elections put into effect in 1920. In the severe elective fights among the civil parties and the communist party, the last one succeeded in obtaining the management of four Macedonian towns: Skopje, Kumanovo, Kavadarci and Veles. On the parlamentary elections for the constution the communists obtained 15 people's legates. Dissatisfied from the success of the communists, the civil parties which were on the head of the government bought a decision for prohibition of the communist party by a decree known under the name „Proclamation” (Obznana), arrested the people's legates, closed their party houses and banned their newspapers and reviews. Since then, the communist party became illegal.